СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
Примен: 29-08-2024
| орг.еди. | број | прилог | вредност |
|---|---|---|---|
| 02 | 10376 | 1 | |

СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

Во согласност со член 7, член 21 став 4 и член 32 став 1 и 2 од Законот за преземање на акционерските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, и 248/2018 како и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/2020), Управниот одбор на Стопанска банка А.Д. Битола го издава следното:

## МИСЛЕЊЕ

во врска со Понудата за преземање издадена од Комерцијална банка АД Скопје објавена во дневен весник Слободен печат на 26.08.2024 година за преземање на сите 390.977 обични акции издадени од Стопанска банка А.Д. Битола

1. **Став на органот на управување за влијанието од спроведувањето на Понудата за преземање врз интересите на целното друштво, а особено врз вработените, како и за стратешките планови на преземачот (Комерцијална банка АД Скопје) за целното друштво (Стопанска банка А.Д. Битола)**

Согласно Понудата за преземање и Проспектот за преземање на акции издадени од Стопанска банка А.Д. Битола објавени од страна на преземачот Комерцијална банка АД Скопје предмет на понудата за преземање се сите 390.977 обични акции со право на глас издадени од страна на Стопанска банка А.Д. Битола со ИСИН број: MKSBTB101013 по понудена цена за откуп на 1 (една) обична акција со право на глас во износ од 3.200 денари по акција. Утврдената цена по која ќе се откупуваат акциите кои се предмет на понудата за преземање е за 16,78% повисока од просечната цена на тргување на акциите издадени од Стопанска банка А.Д. Битола на Македонската берза на хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање. Просечната цена на тргување на акциите во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање изнесува 2.740, 21 денари. Најмалата количина на обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка А.Д. Битола на која се однесува Понудата за преземје, која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна, е 261.956 обични акции со право на глас, што претставува 67% плус 1 акција од вкупниот број обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка А.Д. Битола.

Врз основа на информациите содржани исклучиво во објавените Понуда за преземање и Проспект за преземање на акции издадени од Стопанска банка А.Д. Битола објавени од страна на преземачот Комерцијална банка АД Скопје, генералниот став на Управниот одбор на Стопанска банка А.Д. Битола, во однос на влијанието на успешното спроведување на Понудата за преземање од Преземачот Комерцијална банка АД Скопје, врз деловното работење е дека истото се очекува да има позитивни ефекти врз деловното работење на Стопанска банка А.Д. Битола бидејќи со припојувањето Банката ќе продолжи да биде дел од една од најголемите банки во Република Северна Македонија, особено имајќи ја во предвид основната цел на Преземачот - натамошно зајакнување на пазарната позиција во сите сегменти од работењето и зголемување на регионалната покриеност во пелагонискиот регион од државата

со кредитна поддршка и современи платежни услуги, сето ова во насока на успешно спроведување на процесот на присоединување на билансните позиции на Стопанска банка А.Д. Битола кон сметководствената евиденција на преземачот Комерцијална банка АД Скопје.

Во случај да се оствари горенаведеното, како и со зголемувањето на обемот на идните деловни активности, Управниот одбор смета дека истото ќе придонесе за задржување на повеќето вработени.

Како што е наведено во проспектот, Преземачот Комерцијална банка АД Скопје очекува зголемен обем на активности во одредени организациони единици, по евентуално присоединување на Стопанска банка А.Д. Битола кон Комерцијална банка АД Скопје, а имајќи го тоа во предвид согласно објавените информации во Проспектот, Преземачот планира преземањето на дел од вработените од Стопанска банка А.Д. Битола да го врши во транспарентна постапка, преку реализирање на интервјуа со вработени (со одредени вработени и тестирања). Изборот на вработени ќе се изврши согласно реалните потреби на Преземачот за вршење на работните активности, имајќи ги во предвид образованието, квалификациите, компетенциите, работното искуство во Стопанска банка АД Битола, претходното работно искуство како и местото на живеење. Преземачот планира да ја спроведе постапката на преземање на дел од вработените од Целното друштво во согласност со позитивните законски прописи од областа на работните односи.

Согласно информациите содржани во Проспектот Управниот одбор ја цени позитивно транспарентната постапка на селекција на вработените преку реализирање на интервјуа со вработени (со одредени вработени и тестирања) а имајќи ги во предвид образованието, квалификациите, компетенциите, работното искуство во Стопанска банка АД Битола како и претходното работно искуство на вработените како и местото на живеење.

## 2. Податоци за постоење на преговори во врска со понудата за преземање меѓу преземачот (Комерцијална банка АД Скопје) и органот на управување на целното друштво (Стопанска банка А.Д. Битола)

Преземачот Комерцијална банка АД Скопје има започнато преговори со Управниот одбор на Стопанска банка А.Д. Битола околу постапката за преземање на целното друштво, во врска со давањето на Понудата за преземање, која се однесува на сите 390.977 обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка А.Д. Битола со ИСИН број: MKSBTB101013.

Во септември 2023 година раководството на Комерцијална банка АД Скопје оствари контакт со раководството на Стопанска банка А.Д. Битола за првична размена на информации врз основа на кои би се дефинирала евентуална намера за присоединување во иднина. Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Битола на 26.09.2023 година донесе "Одлука за разгледување на можноста и преземање на подготвителни активности со цел да се дефинира намера за присоединување на Стопанска банка АД Битола кон Комерцијална банка АД Скопје" за кои банката веднаш објави ценовно чувствителна информација на Македонска берза АД Скопје односно на seinet.com.mk.

Понатаму, врз основа на одлука на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Битола од 10.10.2023 година следеше потпишување на Договор за доверливост и соработка на проект за присоединување на Стопанска банка АД Битола кон Комерцијална банка АД Скопје со цел спроведување на понатамошни чекори во врска со проектот на присоединување.

Во врска со условите утврдени во Понудата за преземање и Проспектот за преземање на акции издадени од Стопанска банка А.Д. (цена, рок, праг на успешност итн.) не се водени преговори помеѓу Управниот одбор на банката и Преземачот.

3. **Начинот на кој преземачот (Комерцијална банка АД Скопје) го остварува правото на глас од хартиите од вредност кои се веќе во негова сопственост**

Преземачот Комерцијална банка АД Скопје не поседува акции издадени од целното друштво Стопанска банка АД Битола.

4. **Изјава дали членовите на органот на управување на целното друштво (Стопанска банка А.Д. Битола) кои се иматели на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање имаат намера да ја прифатат или да ја отфрлат понудата за преземање и да приложат свое образложение**

Членовите на Управниот одбор на Стопанска банка А.Д. Битола поседуваат обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка А.Д. Битола и имаат намера да ја прифатат Понудата за преземање имајќи ги во предвид сите елементи содржани во Понудата и тоа: цената за една обична акција од 3.200 денари е над номиналната цена од 3.000 денари и е значително над просечната цена од 2.740,21 денари остварена со тргување на акциите издадени на Македонската берза на хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање; високиот долен праг на успешност на понудата од 67% плус 1 обична акција и деловните планови на Преземачот во насока на припојување на Целното друштво со што би се зголемила потенцијалната пенетрација на банкарскиот сектор од страна на Преземачот заедно со Целното друштво кое ќе се припои кон Преземачот и стратешките планови на Преземачот.

5. **Образложени податоци за последниот ревидиран годишен извештај на целното друштво (Стопанска банка А.Д. Битола) со наведување на книговодствената вредност на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање**

Последните ревидирани финансиски извештаи на Стопанска банка А.Д. Битола се за деловната 2023 година. Ревизијата на финансиските извештаи ја изврши БДО ДОО Скопје. Согласно мислењето на ревизорот, ревидираните финансиски извештаи за 2023 година реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Стопанска банка А.Д. Битола, како и нејзината финансиска успешност и нејзиниот паричен тек за 2023 година, во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија.

Согласно ревидираните финансиски извештаи, приходите од камата реализирани во 2023 година изнесуваат 583.473 илјади денари, расходите за камата изнесуваат 132.318 илјади денари, приходите од провизии и надомести изнесуваат 209.267 илјади денари, расходите од провизии и надомести изнесуваат 82.691 илјади денари, нето-приходите од курсни разлики изнесуваат 23.531 илјади денари, останатите приходи од дејноста изнесуваат 22.145 илјади денари, исправката на вредноста на финансиските средства на нето основа изнесува 334.482 илјади денари, загубата поради оштетување на нефинансиските средства на нето основа изнесува 1.778 илјади денари, трошоците за вработените изнесуваат 205.449 илјади денари, трошоците за амортизација изнесуваат 66.756 илјади денари, додека останатите расходи од дејноста изнесууваат 204.760 илјади денари. Во текот на 2023 година, Стопанска банка А.Д. Битола оствари негативен финансиски резултат во износ од 189.818 илјади денари.

Со состојба на 31.12.2023 година, вкупната актива изнесува 11.142.290 илјади денари. Учеството на кредитите на и побарувањата од други комитенти во вкупните средства на Стопанска банка А.Д. Битола изнесува 52,10%, односно со состојба на 31.12.2023 година кредитите на и побарувањата од други комитенти изнесуваат 5.805.417 илјади денари. Учеството на паричните средства и паричните еквиваленти е 23,23%, односно согласно ревидираните финансиски извештаи со состојба на 31.12.2023 година, паричните средства и паричните еквиваленти изнесуваат 2.588.828 илјади денари. Учеството на вложувањата во хартии од вредност, пак, е 15,12%, односно согласно ревидираните финансиски извештаи со состојба на 31.12.2023 година вложувањата во хартии од вредност изнесуваат 1.684.964 илјади денари.

Со состојба на 31.12.2023 година вкупниот капитал и резерви изнесуваат 1.691.663 илјади денари.

Вкупните обврски на Стопанска банка А.Д. Битола со состојба од крајот на 2023 година изнесуваат 9.450.627 илјади денари. Притоа, обврските по основ на депозити на други комитенти учествуваат со 95,79% во вкупните обврски, односно со состојба на 31.12.2023 година изнесуваат 9.053.084 илјади денари.

Книговодствената вредност на обичните акции издадени од Стопанска банка А.Д. Битола пресметана врз основа на ревидираните финансиски извештаи за 2023 година изнесува 4.326,76 денари.

УО бр.02-10376/1
29.8.2024 година

**Управен одбор на Стопанска банка А.Д. Битола**

**Претседател на Управниот одбор**
Александра Радевска

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА 4

**Член на Управниот одбор**
Гордана Балтовска